Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Модна конфекција МОДЕНА ДООЕЛ Штип и се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “МОДЕНА 1”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Модна конфекција МОДЕНА ДООЕЛ Штип со седиште на ул. “АСНОМ” бр.58 Штип (во понатамошниот текст: Друштво), на 13 февруари 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “МОДЕНА 1”, УП1 бр.12-81/24 од 13 февруари 2024 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 15 февруари 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 15 мај 2024 година.

Друштвото има Одобрение за изградба на фотоволтаична електрана од втора категорија на КП 84/17 КО Таринци општина Карбинци, издадено од Општина Карбинци со датум на правосилност од 19 јули 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10 став (1) од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-966/1 од 22 мај 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа 23 мај 2024 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на 27 мај 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “МОДЕНА 1” на Модна конфекција МОДЕНА ДООЕЛ Штип.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-81/24**
**27 мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Модна конфекција МОДЕНА ДООЕЛ Штип со седиште на ул. "АСНОМ" бр.58 Штип, Република Северна Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-1365-2024

4. **Единствен матичен број:** 4904842

5. **Единствен даночен број:** 4029994101563

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонски електроцентрали ФЕЦ "МОДЕНА 1" на КП 84/17, КО Таринци, Општина Карбинци.

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

**9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност**

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ “МОДЕНА 1”
б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 920,7 kW
в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 900 kW
г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2023 и 2024 година
д) проценет животен век на ФЕЦ: повеќе од 35 години
ѓ) податоци за опрема:
- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели: монокристални,
  Atlas, Eco Green Energy EGE-550W-144M(M10), 1.674 панели со моќност од 550 W,
- тип и производител, моќност и број на инвертори:
  SUN2000-100KTL-M0, 9 инвертори со номинална моќност од 900 kW,

е) годишно сончево зрачење на таа локација: 1391,16 $kWh/^{2}$
ж) очекувано годишно производство на електрична енергија: 1.264.938,58 kWh/годишно